

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец мај 2024

Датум: 14.06.2024
Сектор Инвестиции

## Содржина


1. Прилепска Пиварница АД Прилеп ... 3
2. Македонски Телеком АД Скопје ... 8
3. ВВ Тиквеш АД Кавадарци ... 12
4. Витаминка АД Прилеп ... 17
5. Фершпед АД Скопје ... 22

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец мај 2024 година, се одржаа акционерски собранија на: Прилепска пиварница АД Прилеп, Македонски Телеком АД Скопје, ВВ Тиквеш АД Кавадарци, Фершпед АД Скопје, и Витаминка АД Прилеп, компании во кои задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. Прилепска Пиварница АД Прилеп

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Прилепска Пиварница АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **12,19 %** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,254%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 23.05.2024 год. | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>- Отворање на Седницата на Собранието<br>- Избор на Претседавач на Собранието<br>- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br>1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2023 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска | |

| | |
|---|---|
| | ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК).<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2023 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп<br><br>2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година<br><br>3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година<br><br>4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2023 година<br><br>5. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп<br><br>6. Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка на |

| | |
|---|---|
| | Прилепска пиварница АД Прилеп за 2023 година.<br><br>7. Предлог - Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар).<br><br>8. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2023 година.<br><br>9. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2023 година.<br><br>10. Предлог - Одлука за стекнување сопствени акции со откуп.<br><br>11. Предлог - Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2024 година. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп се одржа на 23.05.2024 година со почеток во 12:00 часот во ресторанот во седиштето на Друштвото ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, Прилеп.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Прилепска пиварница АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на  Претседавач на Собранието
- Избор на бројач на гласови
- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2023 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК).
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2023 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2023 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2023 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог - Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар).

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2023 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2023 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог - Одлука за стекнување сопствени акции со откуп.

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Предлог - Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2024 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Прилепска Пиварница АД Прилеп

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп, се пристапи кон изборот на Работните тела. На собранието присуствуваа акционери со учество од 87% од акционерскиот капитал. По изгласувањето на Процедуралниот дел акционерите преминаа кон гласање по точките од Работниот дел.

Во однос на работниот дела од Дневниот ред за дискусија се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, и побара од менаџментот да даде свое видување за работењето на Пиварницата. Пред акционерите се обрати Претседателот на Управниот обор, при што во своето излагање се осврна на резултатите на компанијата, ги истакна инвестициите што досега се направени и оние што се во тек, и даде свој поглед за идниот раст и развој на Прилепска пиварница. Во дискусијата се вклучија и други акционери, односно на самото собрание се разменија идеи и мислење од повеќе области. По исцрпување на дискусијата се премина кон гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред.

На собранието акционерите позитивно гласаа за: Годишниот извештај, Извештајот на Надзорниот одбор, Ревидираните финансиски извештаи, Годишната сметка и финансиските извештаи, Извештајот на Службата за внатрешна ревизија, Одлуката за распределба на остварената добивка, и Одлуката за утврдување на датум за исплата на дивиденда.

За нето добивката остварена во 2023 година присутните акционери изгласаа 43,89 милиони денари да бидат наменети за дивиденда, а 78,24 милиони да бидат искористена за инвестиции. Со усвојување на одлуката за исплата на дивиденда, на акционерите на Прилепска пиварница ќе им биде исплатена бруто дивиденда од 1.111 денари по акција. На акционерското собрание позитивно се гласаше и за предлог Одлука за откуп на сопствени акции, со најниска куповна цена од 7.711 денари и највисока куповна цена од 61.823 денари.

Акционерите го одобрија и работењето на челновите на Управниот одбор и Надзорниот одбор, и го избраа ревизорот за ревизија на финансиските извештаи за 2024 година.

Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред.

Во објавените ревидирани финансиски извештаи на Прилепска Пиварница АД Прилеп, ревизорот изразил позитивно мислење и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиска состојба на компанијата.
Во 2023 година Прилепска Пиварница оствари приходи од продажба во вредност од 2.080 милиони денари, и нето добивка од 122 милиони денари. Споредено со остварувањата во 2022 година приходите се повисоки за 13,6%, а нето добивката е повисока за 58%.
Ставката трошоци за суровини и други материјали е најголема расходна ставка, па потоа следи ставката Набавна вредност на продадени стоки, и ставката Услуги со карактер на материјални трошоци.
Во делот на билансот на состојба вкупните средства изнесуваат 2.705,5 милиони денари, и се повисоки за 9% во однос на 2024 година. Раст е забележан и кај тековните и нетековните средства.
Компанијата на 31.12.2023 година располага со депозити во вредност од 683,8 милиони денари, а паричните средства на трансакциска сметка се во висина од 231 милиони денари.
И, во 2023 година Пиварницата продолжи со инвестициониот циклус, и во извештајната година стави во употреба инвестиции во вредност од 287,8 милиони. За 2024 година се предвидени инвестиции во вредност од околу 2 милиони евра, а како и досега така и за овие инвестиции се планира да бидат направени од сопствени средства на компанијата.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.

# 2. Македонски Телеком АД Скопје

## 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,97%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,59%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Датум на одржување на Собранието* | 29.05.2024 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2023 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br><br>2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br><br>3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;<br><br>4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2023 година;<br><br>5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2023 година;<br><br>6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2023 година и утврдување на дивиденден календар; |

| | |
|---|---|
| | 7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2023 година;<br><br>8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Интерна ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2023 година; и<br><br>9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година; и |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов |

## II. Македонски Телеком АД Скопје

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 29.05.2024 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10. кат. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар;

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2023 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2023 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2023 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2023 година и утврдување на дивиденден календар;

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2023 година; и

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Интерна ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2023 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година; и

**Претставникот гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваат 96,43% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот на Сава пензиски фонд и Сава пензија плус гласајќи "ЗА" го поддржа донесувањето на одлуките од работниот дел на дневниот ред. На собранието беа усвоени сите точки од дневниот ред, односно позитивно се гласаше за предлог- одлуките за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2023 година, за ревидираните финансиски извештаи за

2023 година, за Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2023 година, како и за распоредување на нето добивката за 2023 година.

Присутните акционери позитивно се изјаснија и за предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, со која се одобрува исплата на бруто дивиденда во износ од 25,65 денари по акција.

Македонски Телеком, заклучно со 31.12.2023 година, оствари приходи од 11.975 милиони денари, и нето добивка од 2.080 милиони денари. Приходите во однос на 2022 година забележаа раст од 1,1%, додека пак нето добивката забележа раст од 38,66%, што е главно поради намалените трошоци од работењето и нето-приходите од финансирање.
Вкупните средства изнесуваат 20.582 милион денари, а вкупните обврски се 4.530 милиони денари. Најголем дел од обврските на Телеком се обврски спрема добавувачи, односно компанијата нема кредитна задолженост. Вкупниот капитал е во вредност од 16.052 милиони денари, од кој на акумулираната добивка припаѓа 8.707 милиони денари.

Во текот на 2023 година, во рамките на ESG агендата (Заштита на животната средина, Општествена одговорност и Совесно корпоративно управување), компанијата успеа дополнително да ги намали емисиите на $CO_2$ и потрошувачката на енергија со што даде свој придонес кон процесот за спречување на климатските промени и ефикасно искористување на општествените ресурси.

По точката 7 од дневниот ред, предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2023 година, се гласаше за секој член поединечно т.е. беше одобрена работата на: Игор Милев (со мандат од 30.05.2023), Садула Дураки, Нина Ангеловска, Бардул Насуфи, Никола Љушев, Данијела Бујиќ (со мандат од 30.05.2023), Диана Анамариа Верковњи, Борче Силјаноски, Владимир Ивановски, Лубор Жатко, Петер Фаил, Мартин Ренер, Шкодране Дарлишта и Аќиф Медиу.

По усвојувањето на последната точка, Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година дневниот ред беше исцрпен и Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.

# 3. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

## 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| *Име на акционерското Друштво* | **ВВ Тиквеш АД Кавадарци** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,90%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,08%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.05.2024 година |
| *Дневен ред на Собранието* | 1. Избор на претседавач и работни тела.<br>2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 29.05.2023 година и Записник од Собранието на акционери од 08.04.2024 година.<br>3. Преглед на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година, Финансиските извештаи за работењето за 2023 година, Годишната сметка и резултатите од работењето за 2023 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2023 година и донесување на одлуки за следново:<br><br>- Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година<br>- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ- |

| | |
|---|---|
| | ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година<br>- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година<br>- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година<br>- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година<br>- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци<br>4. Донесување на Одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница<br>5. Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година |
| *Претставници на Собранието* | Александар Милевски |

## II. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на ВВ Тиквеш АД Кавадарци се одржа на 30.05.2024 година со почеток во 12:00 часот во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба-Скопје.

Претставникот на Сава Пензиско Друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци гласаше на следниот начин:

1. Избор на претседавач и работни тела.

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 29.05.2023 година и Записник од Собранието на акционери од 08.04.2024 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Работен Дел:**

3. Преглед на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година, Финансиските извештаи за работењето за 2023 година, Годишната сметка и резултатите од работењето за 2023 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД- Кавадарци за 2023 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2023 година и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за резултатите од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци во 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Донесување на Одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци за 2024 година

**Претставникот гласаше ЗА**

## 3.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за негово одржување, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 89,55% од акциите со право на глас.

На акционерското собрание присутните акционери гласаа „ЗА" за усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи и Извештајот на Службата за внатрешна ревизија. Се одобри и работата на Управниот одбор и Надзорниот одбор.
По однос на точката 4 од Дневниот ред т.е. Одлука за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница за збор се јави Претседателот на Управен одбор Светозар Јаневски. Претседателот на УО ги образложи причините за задолжувањето и даде свое видување за работењето на Винарницата, и воопшто за состојбите во лозарството и винарството. По даденото излагањето од страна на Претседателот на Управниот одбор, се пристапи кон гласање по оваа точка. Одлуката за задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меница, едногласно беше усвоена од присутните акционери. Акционерите ја избраа и ревизорската куќа Мур Стивенс ДОО за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2024 година. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласајќи "ЗА" го поддржа донесувањето на одлуките од Дневниот ред.

Во објавените ревидирани поединечни и консолидирани финансиски извештаи, за 2023 година, ревизорот има изразено позитивно мислење т.е. смета дека ревизорските извештаи објективно ја претставуваат материјалната и финансиска состојба на компанијата.
ВВ Тиквеш АД Кавадарци, во 2023 година, оствари консолидирани приходи од продажба во износ од 3.157 милиони денари, и во однос на 2022 година се зголемени за 13,4%. Растот на приходите придонесе бруто добивката во однос на 2022 годна да биде повисока за 15,9%, а оперативната добивка и нето добивката да се зголемат за 24,7% и 22,5% соодветно.
Најголем дел од приходите Тиквеш ги остварува на домашниот пазар со удел од 47,6%, па потоа следи српскиот пазар чие учество во вкупните приходи изнесува 27,7%. Од аспект на сегменти доминантното место му припаѓа на приходите остварени од продажба на флаширано вино, па потоа од жестоки пијалаци.
Вкупните средства на 31.12.2023 година изнесуваат 4.481,6 милиони денари и се повисоки 14,6% во однос на претходната година. Растот се должи пред се на повисоките материјални средства, раст на ставката Побарувања за дадени аванси и раст на ставката Дадени позајмици.
Вкупните обврски на Групацијата Тиквеш, заклучно со 31.12.2023 година, изнесуваат 1.903,6 милион денари од кои 802,9 милиони денари се обврски спрема добавувачи, а 1.021 милиони денари се обврски по основ на кредити (остатокот се останати обврски и ПВР).
Во поглед на инвестициите Тиквеш во 2023 година инвестира 1,3 милиони евра во недвижности постројки и опрема.
Тиквеш е добитник и на бројни награди и признанија, а во 2023 година освои 114 награди и признанија. Во однос на ЕСГ стандардите компанијата покажуваат одредена општествена одговорност преку спонзорства и покровителства, инвестиции во соларни панели и прочистителни станици.

Со усвојувањето и на последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

# 4. Витаминка АД Прилеп

## 4.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. Витаминка АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Витаминка АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,63%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,042%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.05.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **1.1. Процедурален дел**:<br>1. Утврдување кворум за работа<br>2. Избор на бројачи на гласови<br>3. Избор на претседавач<br>4. Избор на записничар и заверувачи на записник (записникот го води нотар)<br><br>**2.2. Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2023 год<br>- Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола.<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2023 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2023 година<br>2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на | |

| | |
|---|---|
| | Друштвото во периодот јануари-<br>декември 2023 година<br>- Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари- декември 2023 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари-декември 2023 година<br>3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година<br>4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2023 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2023 година<br>5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2023 година<br>- Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2023 година<br>6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2023 година<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2023 година<br>7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година<br>8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на |

| | |
|---|---|
| | финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година<br>- Предлог- одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година<br>9. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>- Прелог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>10. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.<br>- Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции<br>11. Донесување одлука за висина на дивиденда за 2023 година<br>12. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година<br>- Предлог - Одлука за исплата на дивиденда за 2023 година |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Витаминка АД Прилеп**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Витаминка АД Прилеп се одржа на 31.05.2024 година со почеток во 12:00 часот во новата работничка менза на Друштвото, на ул. „Леце Котески“ бр. 23, Прилеп.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Утврдување кворум за работа
2. Избор на бројачи на гласови
3. Избор на претседавач
4. Избор на записничар и заверувачи на записник

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година
   - Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2023 година

- Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2023 година
   - Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари- декември 2023 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2023 година
   - Предлог- одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2023 година
   - Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2023 година
   - Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година
   - Предлог- Одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп

- Прелог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.

    - Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Донесување одлука за висина на дивиденда за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

12. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година
    - Предлог - Одлука за исплата на дивиденда за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

## 4.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп

На Годишното акционерско собрание на П.И. Витаминка АД Прилеп се констатира дека на седницата на ова собрание се присутни акционери со право на глас 71,08% од вкупниот број на акции, со што се исполнети условите за одржување на Собранието.

Откако се утврди дека се исполнети условите за работа се премина кон гласање по точките од Процедуралниот дел. Изборот на бројачи на гласови, на записничар и заверувачи на записникот, како и изборот на претседавач беше поддржан од присутните акционери. По изгласувањето на Процедуралниот дел акционерите преминаа кон гласање по точките од Работниот дел.

Во однос на втората точка од Работниот дел т.е. Годишниот извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп, за дискусија се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје и еден од присутните акционери, барајќи од менаџментот да даде свое видување за резултатите во 2023 година, како и за идниот раст и развој на Компанијата. За збор се јави Претседателот на Одборот на директори, при што даде подетално образложение за работењето на Витаминка, за предизвиците со кои се соочувале, како и за актуелните процеси што се во тек. Од страна на Претседателот на ОД беше истакнато дека во моментот се разгледува можноста за набавка на нова опрема, со која значително би се автоматизирал производствениот процес, би се намалил потребниот број на работници, и би се зголемила продуктивноста. Откако се исцрпи дискусијата се премина на гласање. Акционерите позитивно гласаа за Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2023 година. Се усвои Извештајот на членовите на Одборот на директори, се одобри работата на Одборот на директори, се усвои Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и извештајот за работата на Службата за внатрешна ревизија.

За добивката остварена во 2023 година акционерите изгласаа 38,8 милиони денари да се распределат за инвестиции, а 29,7 милини денари за исплата на дивиденда. Со усвојување на одлуката за исплата на дивиденда, на акционерите на Витаминка ќе им биде исплатена бруто дивиденда од 400 денари по акција.

На собранието акционерите позитивно гласаа и за предлог Одлука за откуп на сопствени акции, и предлог Одлука за отуѓување на сопствени акции. Во одлуката за откуп на акции е дефинирана минимална цена од 10.000 денари по акција, а максималната е 14.000 денари по акција. Заклучно со 31.12.2023 година Витаминка поседува 2.466 сопствени акции, или 3,2% од акционерскиот капитал на Друштвото.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите токи од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од присутните акционери на собранието.

Во објавените, поединечни и консолидирани, ревидирани финансиски извештаи на Витаминка АД Прилеп ревизорот изразил позитивно мислење и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиска состојба на компанијата.
Групацијата Витаминка АД Прилеп, во 2023 година, оствари приходи од продажба во вредност од 3.247 милиони денари, добивка од работењето од 178 милиони денари и нето добивка во висина 99,3 милиони денари. Во однос на 2022 година приходите се намалени за 11%, додека пак поради пониските трошоци добивката од работење забележа раст од 46,8%, а нето добивката е зголемена за 42,2%.
Најголема расходна ставка е Материјали, енергија и резервни делови во вредност од 2.155,6 милиони денари, па потоа следат трошоците за вработените во висина од 500,8 милиони денари.
Заклучно со 31.12.2023 година вкупните средства изнесуваат 3.194 милиони денари, од кои 1.507 милиони денари претставуваат недвижности, постројки и опрема, а 108,9 милиони денари се вложувања во средства расположливи за продажба.
Вкупните обврски на Групацијата се 2.101,3 милиони денари, при што обврските по основ на краткорочни кредити изнесуваат 532 милиони денари а задолженоста по основ на долгорочни кредити е во висина од 978,3 милиони денари. Најголем кредитор на Витаминка е Комерцијална банка АД Скопје.
Компанијата нема судски спорови и не очекува материјална или финансиска штета по овој основ.
Компанијата во текот на 2023 година во недвижности, постројки и опрема инвестирала 154 милиони денари, а во долгорочни вложувања 60 милиони денари.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.

# 5. Фершпед АД Скопје

## 5.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Фершпед АД Скопје**

| *Име на акционерското Друштво* | **Фершпед АД Скопје** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,186%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | | |
|---|---|---|
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,045%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.05.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>Избор на Претседавач со Собранието<br>Записничар (записникот го води Нотар)<br>Избор на бројачи на гласови<br>Усвојување на дневен ред<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2023 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2023 година.<br>- Предлог одлуки<br>2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2023 година.<br>- Предлог одлука<br>3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар.<br>- Предлог одлука<br>4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2023 година.<br>- Предлог одлука<br>5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година.<br>- Предлог одлука.<br>6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2023 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот | |

| | |
|---|---|
| | извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2023 година.<br>- Предлог одлука<br>7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото, за 2023 година.<br>- Предлог одлука.<br>8. Донесување одлука за измена на статутот на друштвото.<br>- Предлог одлука<br>9. Донесување на одлука за избор на член на органот на управување.<br>- Предлог одлука<br>10. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2024 година.<br>- Предлог одлука. |
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски |

**II. Фершпед АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Фершпед АД Скопје се одржа на 31.05.2024 година со почеток во 12 часот во просториите на Хотел "Александар Палас" на бул. 8-ми Септември бр.15 во Скопје.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Фершпед АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

Избор на Претседавач со Собранието
Записничар (записникот го води Нотар)
Избор на бројачи на гласови
Усвојување на дневен ред

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2023 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2023 година.
   - Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2023 година

     **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

   - Одлука за одобрување на финансиските извештаи за 2023 година ревидирани од овластен ревизор

     **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

   - Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје за деловната 2023 година

     **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2023 година – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2023 година – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2023 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2023 година – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото, за 2023 година -Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

8. Донесување одлука за измена на статутот на друштвото -Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

9. Донесување на одлука за избор на член на органот на управување – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

10. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2024 година – Предлог одлука

**Претставникот гласаше ЗА**

## 5.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Фершпед АД Скопје

На акционерското собрание, преку коресподенција, лично или преку полномошници, беа претставувани акционери кои поседуваат 77,43% од акциите со право на глас.

Во ревидираните поединечни и консолидирани финансиски извештаи на Фершпед АД Скопје ревизорот изразил мислење со резерва, и образложение за основите за ваквото мислење. Забелешката на ревизорот се однесува на позицијата вложување во придружно друштво во вредност од 301,6 милиони денари, и вложувања некотирани на берза во вредност од 14,3 милиони денари.
Од страна на претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје беше истакнато дека очекува менаџментот на Компанијата во целост да ги почитува препораките на надворешниот ревизор, и да ги преземе сите неопходни мерки за да се изготват финансиски извештаи кои ќе ја отсликуваат вистинската материјална и финансиска состојба на Групацијата Фершпед. Со оглед дека нема напредок во прикажување на веродостојноста на податоците во ревидираните финансиски извештаи во споредба со претходната година, и мислењето на ревизорот е сеуште со резерва Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше против одобрување на Ревизорските извештаи, Годишната сметка, Распределбата на добивката, Извештајот на Одборот на директори, Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје, одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, предлог одлуката за измена на статут и избор на нов член на органот на управување.
Претставникот на Друштвото гласаше позитивно за одлуката за исплата на дивиденда, со која се предвидува исплата на бруто дивиденда од 720 денари по акција. Позитивно гласаше и за предлог одлуката за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Фершпед АД Скопје за 2024 година. Надворешниот ревизорот во изминатите години покажа професионално и одговорно работење, истакнувајќи ги слабостите и недостатоците во извештаите на Компанијата.

Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на мнозинството акционери претставува на акционерското собрание.

Во објавените ревидирани финансиски извештаи Групацијата прикажа приходи од продажба во износ од 4,65 милијарди денари и добивка од работење од 161 милион денари, што претставува раст од 54% во однос на 2022 година. Нето добивката бележи раст од 62,4% во однос на 2022 година, и изнесува 153,62 милиони денари.
Кај расходите доминантна ставка е Останати расходи од работење во вредност од 3,65 милијарди денари, а во неа најголемо учество имаат расходите за Транспорт и Царински услуги со удел од 95%.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 2,73 милијарди денари, и се повисоки за 8,6% во однос на претходната година. Вкупните обврски изнесуваат 343,79 милиони денари, и се повисоки за 73 милиони денари во однос на 2022 година. Зголемувањето се должи на зголемување на ставката Обврски спрема добавувачиа. Компанијата нема долгорочен долг.

По изгласување и на последната точка од Дневниот ред Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Фершпед АД Скопје за затворено.